

**ОТВОРЕНА ПОРТА**
**AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА АКЦИЈА ПРОТИВ
НАСИЛСТВО И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ
**ОТВОРЕНА ПОРТА**

2021

# СОДРЖИНА


**ПОРАКА ОД ИЗВРШНИОТ ТИМ НА ОТВОРЕНА ПОРТА**

**ЗА ОТВОРЕНА ПОРТА**

**КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА НИЗ БРОЈКИ ВО 2021**

**ПРОГРАМИ И ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

**ПРОГРАМА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ**

→ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА КРЕИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ
→ ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ И ГРАЃАНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ
→ СОРАБОТКА И УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ
→ ВМРЕЖУВАЊЕ

**ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ЕДУКАЦИЈА**

→ ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИ И ПРОФЕСИОНАЛЦИ ЗА СООДВЕТЕН ОДГОВОР ЗА ПРОБЛЕМОТ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ
→ Зајакнување на јавната свест и соработка
→ СОС линија за помош од трговија со луѓе
→ КАМПАЊИ

**ПРОГРАМА ЗА ДИРЕКТНА ПОДДРШКА**

→ ЦЕНТАР ЗА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ
→ ИДЕНТИФИКАЦИЈА И УПАТУВАЊЕ

**ПРОГРАМА ЗА ПРИДРУЖНА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ЗА СОЦИЈАЛНО РИЗИЧНИ КАТЕГОРИИ**

**ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ, МИГРАНТИ, БЕГАЛЦИ, РАСЕЛЕНИ ЛИЦА**

**ПУБЛИКАЦИ**

**ДА СЕ РАБОТИ ЗА ОТВОРЕНА ПОРТА**

**ОРГАНИЗАЦИЈА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

→ Човечки ресурси
→ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021

# ПОРАКА ОД ИЗВРШНИОТ ТИМ НА ОТВОРЕНА ПОРТА

Отворена Порта во 2021 година навлезе во својата 21 годишна работа. Од 2000 година, кога и организација е основана до сега, се направија голем број промени во борбата против трговијата со луѓе, пред се во законодавното и институционално делување во Р. С. Македонија. Веруваме дека, за сите промени постигнати до сега, имаме придонес со својата посветена работа.

Следејќи ја својата стратегија и приоритетите за оваа година, Отворена Порта се фокусираше :

- → да обезбеди квалитетни и професионални услуги за корисниците на организацијата;
- → да ги мобилизира организациите во стратешки мрежи за заеднички акции насочени кон општествени промени;
- → да промовира следење на политиките, дијалог и активности за застапување во најдобар интерес на корисниците на организацијата;
- → да се изградат институционални капацитети, отпорност на заедницата и средина за поддршка за корисниците на организацијата.

Тимот го зголемивме со млади ентузијасти, и се насочивме кон внатрешен развој и комуникација.

Соработувавме со сите меѓународни и државни институции и организации, ги подржавме сите партнерски граѓански организации во борбата против трговијата со луѓе.

Би сакале да се заблагодариме на сите наши соработници, донатори, поддржувачи и пријатели за нивната непроценлива поддршка. Секој придонес, голем или мал, е симбол на солидарност и може да направи разлика во животот на секоја жртва на трговија со луѓе.

Горди сме на сите вработени, волонтери и активисти за долгогодишната соработка, и кои со својата работа придонесоа да голем број на активности се спроведат успешно во текот на 2021 година, и сите услуги и сервиси за корисниците  да се испорачаат со висок квалитет.

Ќе продолжиме да работиме со истиот интензитет, и со желба дека во наредната година ќе се направи квалитетна промена во  идентификација и подобра реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе, како резултат на почитување на нивните загарантирани права од страна на државата.

Со почит,

Извршниот тим  на Отворена порта

**ОТВОРЕНА ПОРТА**
**AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING**

**Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе-Отворена Порта/Ла Страда Македонија** е национална невладина организација, целосно посветена на борбата против трговија со луѓе. Регистрирана во 2000 година, а денес препознаена како лидер организација во сузбивање на овој проблем и релевантен партнер на институциите и организациите како на национално така и на меѓународно ниво. Од своето основање па до денес Отворена Порта сеопфатно го третира проблемот на трговијата со луѓе и активно учествува во градењето на политики и стратегии со цел намалување на бројот на жртвите од трговија со луѓе и обезбедување подобар третман за тргуваните лица. Отворена Порта е единствена организација која обезбедува комплексна програма за помош, поддршка, заштита и сместување на жртвите на трговија со луѓе. Организацијата спроведува активности за лобирање и застапување, подигнување на свеста, превенција и едукација, како и обезбедување на помош и поддршка за тргуваните лица.

## Визија

Отворена Порта е водечка самоодржлива организација во Македонија, препознаена на национално и меѓународно ниво по својата посветеност, истрајност и професионалност, како и фокусираност на потребите и интересите на тргуваните лица и ранливите групи.

Отворена Порта се стреми кон создавање на општество ослободено од нееднаквост, сиромаштија, дискриминација, родово базирано насилство, трговија со луѓе и експлоатација, каде во целост се почитуваат човековите права и постојат еднакви можности за социо-економска независност на сите граѓани.

## Мисија

Отворена Порта е здружение на граѓани, кое ги промовира човековите права и ги застапува интересите и потребите на лицата кои се под ризик или претрпеле насилство и трговија со луѓе преку превенција, социјална поддршка и лобирање на национално и европско ниво преку членството во Ла Страда Интернационална-Европска мрежа за борба против трговија со луѓе.

НИЕ обезбедуваме заштита, зајакнување на капацитетите и интеграција на тргуваните лица и другите ранливи групи во општеството.

# КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА НИЗ БРОЈКИ ВО 2021

1. **Доделена лиценца на Отворена порта за вршење работи во социјална заштита, обезбедување социјални услуги во заедницата и „привремено сместување" во Центарот за жртви на трговија со луѓе;**

2. 136 **млади студенти и средношколци**, се едуцираа за трговијата со луѓе и начините за заштита;

3. 403 **јавувачи** добија поддршка преку СОС линијата за помош од трговија со луѓе

4. **сместени** 7 **лица пред се деца во Центарот за жртви на трговија со луѓе**, од кои 4 нови и 3 жртви од претходни години;

5. **Вкупно на** 56 **лица им беше обезбедена помош и поддршка**, од кои **49 лица се ново идентификувани жртви на трговија со луѓе;**

6. За првпат **исплатен надомест на штета за дете жртва на трговија со луѓе** од програмата на Министерството за правда;

7. О**безбедена стручна помош на** 10 **лица** кои се вклучени во Програмата за придружна социјална работа;

8. 39 **лица**, странски жртви сместени во Прифатниот Центар за Странци им се обезбеди преведувач и информација за организации за помош во земјата на потекло;

9. **Обезбедени специјализирани услуги за** 147 **авганистански деца и нивните семејства**

10. Спроведени 16 **обуки, работилници, предавања, и едукативни сесии;**

11. Обезбедена менторска програма на 3 **граѓански организации за стекнување на лиценца за давање на социјални услуги;**

12. Отворена порта беше дел од работните групи за подготовка на законите и подзаконски акти за правата на тргуваните лица во однос на компензација и спречување на родово базирано насилство;

13. Учество на 12 **регионални работилници**;

14. Учество и подготовка на 9 **прирачници, информативни материјали, анализи и публикации;**

15. Спроведени 3 **кампањи за застапување и подигнување на свеста за трговијата со луѓе.**



# ПРОГРАМА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ | 2021

2021

# ИНИЦИЈАТИВИ ЗА КРЕИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ

Отворена Порта во текот на 2021 година организираше и активно учествуваше во развојот на политиките меѓу кои беше вклучена и даде свој придонес во работни групи за подготовка на закони и оперативни планови.

## Закон за исплата на паричен надоместок на жртви на кривични дела

Отворена порта е еден од иницијаторите за законот за паричен надоместок на жртвите на криминал како активен застапник на тргуваните лица и нивното право за компензација. Како основа за овој предлог закон се користеше верзијата на законот предложен од Отворена Порта Ла Страда во 2016 , како и анализи, компаративни студии и физибилити студија за трошоците на државниот фонд. На изготвување на законот работеше меѓуресорска работна група со претставници од повеќе институции и членство на Отворена порта која се залагаше за пристап до правда за тргуваните лица и можност за остварување на правото на компензација. Законот претставува новитет во домашниот систем затоа што за прв пат се предвидува ваков вид на право за жртвите на кривични дела со цел да се спречи нивна понатамошна виктимизација. Целта за донесување на овој закон е да се обезбеди паричен надоместок на жртвите од кривични дела сторени со насилство како првична солидарна помош од страна на државата за нивното страдање, согласно начелото на општествена солидарност, но и да се спречи можна секундарна виктимизација како дополнително страдање што жртвите можат да го претрпат во постапките пред институциите. Текстот на законот е утврден на владина седница и заклучно со декември 2021 се уште е во собраниска процедура.

## Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

Отворена Порта беше дел од работната група за подготовка на новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, согласно препораките на Истанбулската Конвенција и Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција (2018-2023), со свои претставнички. Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јануари 2021 година. Со овој закон се уредува постапувањето на институциите со должно внимание при преземањето на мерки за превенција од родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство, постапувањето на институциите за заштита на жените од родово базирано насилство и семејното насилство, меѓусебната координација на институциите и организациите, услугите за заштита на жртвите и собирањето на податоци за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство. Долг е процесот на ставање на законот во практична имплементација бидејќи има многу актери, државни и граѓански општества одговорни за преземање сеопфатни мерки за превенција и заштита на жените од родово базирано насилство. Во однос на жртвите на трговија со луѓе, со имплементација на Законот очекуваме жртвите да имаат полесен пристап до услугите за закрепнување. Дополнително, државата ќе биде одговорна да посвети поголема финансиска поддршка за услуги за жртвите на трговија со луѓе, како што континуирано функционирање на Центарот за жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство што го води Отворена порта.

## ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИОТ ДИЈАЛОГ НА НАЦИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО

Отворена Порта редовно присуствуваше на работните средби на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Секретаријатот и Подгрупата за борба против трговија со луѓе. Обезбеден е придонес за Годишниот извештај за 2021 година на Националната комисија (НК) против трговија со луѓе и илегална миграција поврзана со превенција и заштита на тргуваните лица. Отворена порта ја потенцираше важноста на улогата на граѓанските организации во националните мерки за спречување на трговијата со луѓе и преку конкретни резултати делуваше на национално ниво во борбата против трговијата со луѓе.

## ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ДЕЦА 2021-2022 ГОДИНА

Отворена порта како член на Подгрупата за борба против трговија со деца присуствуваше на два состаноци на групата за креирање на посебен оперативен план за активности поврзани со превенција и заштита од трговија со деца. Оперативниот план се базираше на ново усвоената Национална стратегија 2021-2025 и Оперативен акционен план за 2021 година за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција. Предлозите на Отворена порта за вклучување на активности поврзани со квалитетни услуги, подигање на свеста и собирање податоци беа прифатени и вклучени во оперативниот план.

## РАБОТНА ГРУПА ЗА РАЗВИВАЊЕ НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ПОВРЗАНИ СО ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО.

Отворена порта беше поканета од Министерството за труд и социјална политика да учествува во работната група за развивање национални стандарди за обезбедување социјални услуги поврзани со заштита на жените жртви на родово базирано насилство. Групата одржа два состаноци на кои беа разгледани нацрт стандардите. Ангажираните експерти изработија нацрт-стандард за: функционирање на Кризен центар за жртви на сексуално насилство; стандард за кризен центар за жртви на семејно насилство; стандард за работа на прифатилиште за семејно насилство; стандард за советувалиште за жртви на родово и семејно насилство; стандард за работа на СОС линија за семејно насилство; стандард за работа на Советувалиште за престапници на семејно насилство.

## РАБОТНИТЕ ГРУПИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО РАБОТАТ НА ПРЕГЛЕДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ИНДИКАТОРИТЕ И АЛАТКАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ

Во текот на 2021 година на иницијатива на Отворена порта формираната работна група активно работеше во собирање, процесирање и длабински анализи на податоците од употребата на националната алатка за следење и анализа на резултатите за Северна Македонија. Формираната национална работна група работеше на разгледување на избрани шест судски предмети за 2019 година врз основа на релевантни индикатори и прашања. Од наодите конечниот извештај **,,Мониторинг и проценка на законите и политиките за борба против трговијата со луѓе и нивно спроведување во РСМ во 2019“** беше изготвен и дискутиран во рамките на работната група и релевантните засегнати страни. Беа одржани состаноци со членови кои ги разгледуваа резултатите од процесот на мониторинг, финализирањето на извештајот од мониторингот, промоција на алатката за мониторинг и процесот и дискутирање за идните активности и користење на мониторинг алатка и нејзиниот регионален аспект. На работните состаноци учествуваа Националниот известувач, МВР, Основниот суд Скопје, Одделение за организиран криминал и корупција, ОЈО на ГОКК, НЕСКМТЛ, МТСП, НМУ, Националната комисија. Понатаму, се дискутираше за официјално одобрување на извештаите од Мониторингот и нивно јавно презентирање како и предлози и планови за системски промени[1].

1 Оваа активност беше во рамките на **проектот БАН( Балкан Делуваj Сега!)**

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ И ГРАЃАНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ

## ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ОТВОРЕНА ПОРТА

Во мај 2021 година, Министерството за труд и социјална политика и додели лиценца на Отворена порта за вршење работи во социјална заштита, обезбедување социјални услуги во заедницата и „привремено сместување“ во Центарот за жртви на трговија со луѓе. Горди сме на оваа одлука и во иднина ќе се стремиме да го подобриме квалитетот на услугите што им се даваат на ранливите групи и жртви на трговија со луѓе.

Имено, како што беше објаснето претходно, со цел професионализација на дадените услуги, Отворена порта аплицираше за официјално лиценцирање на услугата „привремено сместување“ за работа на Центарот за жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство во 2019 година согласно новиот Закон за социјална заштита.

## ОБЕЗБЕДЕНА МЕНТОРСКА ПРОГРАМА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Во текот на 2021, преку проект на Отворена порта, беше спроведена уште една менторска програма во која беа вклучени дополнителни 3 невладини организации од Северна Македонија (КХАМ Делчево, Отворете ги прозорците и ХОПС), кои имаа можност да ги развијат своите внатрешни стандарди, потребни за аплицирање за лиценца. Ангажираниот ментор преку теренската работа утврди дека според новиот Закон за социјална заштита и донесените прописи за нормативи и стандарди за социјални услуги, само една од трите организации може да биде лиценцирана во овој период, а тоа е организацијата КХАМ од Делчево за помош на домашна нега и услуга.

**Со цел да се овозможи споделување на искуства за предизвиците со кои се соочуваат граѓанските организации во процесот на лиценцирање Отворена порта организираше јавна расправа „Подобрување на процесот на вклучување на граѓанските организации во обезбедувањето социјални услуги на ранливите групи граѓани“** што се одржа на 29 октомври 2021 година во Скопје. На настанот присуствуваа вкупно 28 претставници на граѓански организации, локални општини од Северна Македонија и институции. Целта на јавната расправа беше да се овозможи споделување на искуства за предизвиците со кои се соочуваат граѓанските организации во процесот на лиценцирање, со акцент на потребата граѓанските организации да бидат активно вклучени и да придонесат за подобрување на процесот и регулативите кои важат за лиценцирање. Настанот се фокусираше и на можностите што ги нуди Законот за социјална заштита, особено на делот за лиценцирање на давателите на социјални услуги и улогата на социјалните планови.

# СОРАБОТКА И УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ

Во текот на 2021 Отворена Порта учествуваше на голем број меѓународни и национални настани кои нудеа можност организацијата да размени искуства, добри практики, да гради партнерства и да сподели експертиза во областа на трговијата со луѓе, експлоатацијата и миграцијата.

## IV- Регионална социјална академија „Независно живеење и деинституционализација во Западен Балкан. Дали сме уште таму?“

Три (3) дневната обука се одржи онлајн од **20 до 22 октомври 2021** година. Обуката им помогна на учесниците да ги зголемат капацитетите на нивните граѓански организации, во однос на обезбедување услуги во процес на деинституционализација и независно живеење на ранливи групи (лица со попреченост, деца и стари лица и жртви на трговија со луѓе.)




Завршната конференција од проектот БАН( Балкан Делувај Сега!)

На **9 ноември 2021 се одржа Завршната конференција од проектот БАН( Балкан Делувај Сега!)** каде беа претставени резултатите постигнати на крајот од четиригодишната имплементација на проектот чија главна цел беше зајакнување на меѓу секторската соработка и институционално прилагодување и усвојување на алатката за мониторинг, што ќе овозможи објективно и одговорно следење на квалитетот на заштита и помош на жртвите на трговија со луѓе. Овој настан ги собра националните известувачи, националните координатори и претставници на канцелариите на омбудсмани од земјите партнери( Северна Македонија, Албанија, Србија, БиХ, и Црна Гора), експерти кои учествуваа во подготовката на националните извештаи за достапноста и квалитетот на услугите за жртвите на трговија со луѓе од релевантни институции и невладини организации, претставници од домашни и меѓународни граѓански организации и, се разбира, претставници на организации партнери на БАН.




Дополнително на **10 ноември 2021** се одржи и **Работилницата со Холандскиот Национален Известувач за трговија со луѓе и сексуално насилство врз деца и директорот на Бирото на Холандскиот Национален Известувач.** Целта беше да се олесни просторот за директна размена и дијалог помеѓу холандскиот национален известувач и Национални координатори/ национални известувачи, правобранители, канцеларии за борба против трговија со луѓе, други претставници од Албанија, Босна Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија одговорни за координација, следење и известување за случаите на трговија со луѓе. Состанокот овозможи простор да се поставуваат прашања и да се разговара за конкретни теми меѓу присутните.

**Регионалната работната група за мониторинг чија цел беше размена на искуства за напорите против трговијата со луѓе и употребата на мониторинг алатката.**

Во работната група учествуваат 15 претставници од Западен Балкан (С. Македонија, Албанија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина) од канцелариите за борба против трговија со луѓе, полицијата, националните известувачи и Граѓанско општество. Регионалната работна група се состана двапати, првиот на **28 април 2021** а вториот се одржи на 2**9 јуни 2021.** Преку работата на работната група се овозможи мерење на напредокот, споделување на добра практика и прилагодување на политиките за да се исполнат предизвиците идентификувани во текот на спроведувањето на законите и политиките во пракса.

## ЗАВРШЕН НАСТАН НА ИРИС МРЕЖА

Отворена Порта беше дел од завршниот настан во рамките на проектот „IRIS NETWORK-ing Здруженија на граѓани за обезбедување на заштита во услови на миграција", која се организираше во Белград, Србија, како и преку ZOOM платформата, на 10 ноември, 2021 година. Целта на завршниот настан беше да се **презентираат севкупните достигнувања, пресвртници и предизвици во спроведувањето на Проектот во текот на изминатите четири години**, како и да се разговара за идните насоки на мрежата ИРИС во Западен Балкан. Мрежата ИРИС, основана во 2012 година, е единствената регионална мрежа која ги спојува граѓанските организации кои обезбедуваат социјални услуги во Југоисточна Европа, се состои од 7 национални мрежи од Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, поранешна Југословенска Република Македонија, Косово * и Албанија, составена од 203 организации членки кои обезбедуваат различни видови на социјални услуги на различни ранливи групи: лица со попреченост, деца и млади во ризик, жртви на насилство, стари лица и мигранти.

## ПРЕД-СЕСИЈА НА КОМИТЕТОТ НА ОН ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО (11 ФЕВРУАРИ 2021 ГОДИНА)

Во рамки на 88-та седница на Комисијата за правата на детето, Отворена порта заедно со други здруженија на граѓани имаа можност да ги презентираат своите наоди и препораки за подобрување на состојбата со правата на детето во Република Северна Македонија, претходно елаборирани во посебни извештаи доставени до Комитетот. На пред сесијата, покрај членовите на Комитетот за правата на детето, присуствуваа и претставници на граѓанското општество и Народниот правобранител, како и претставници на УНИЦЕФ во Северна Македонија. Комитетот се интересираше за напредокот постигнат не само во донесувањето на законите, туку и за начинот на имплементација и ефектот на политиките за правата на децата. Со оглед на актуелната пандемската криза, Комитетот покажа особен интерес и здравствена заштита за ранливите деца. Како и во претходните процеси на разгледување на состојбата со правата на децата, членовите на Комитетот побараа дополнителни информации за преземените мерки за елиминирање на насилството и дискриминацијата врз децата во сите области, почитувањето на најдобриот интерес на детето и учеството на децата во одлучувањето. прашања кои ги засегаат. Беше опфатена и состојбата на децата со попреченост и другите маргинализирани групи во општеството во повеќе области. Конвенцијата за правата на детето во своите одредби ги утврдува минималните права кои државата е должна да ги обврзе за нивно целосно остварување и почитување. Остварувањето и почитувањето на правата утврдени во Конвенцијата за правата на детето придонесува децата да го развијат нивниот целосен потенцијал и да бидат заштитени од сите форми на насилство и злоупотреба. Државата има обврска да ја спроведува Конвенцијата за правата на детето и да ги почитува и спроведува препораките на Комитетот. Затоа апелиравме до Владата и до надлежните институции дека не е доволно да се вклучи во процесот на известување до Комитетот, туку е важно доследно да се спроведуваат наодите и препораките со цел значително да се подобри состојбата со правата на децата.

# ВМРЕЖУВАЊЕ

Отворена Порта во 2021 продолжи со активен придонес во работата на тематските мрежи заедно со други граѓански организации.

Во 2021 година, Отворена Порта ги координираше активностите на неформалната **Национална платформа за превенција и борба против трговија со луѓе** со цел да се зајакне раната превенција, заштитата и интеграцијата на ранливите категории и на жртвите на трговија со луѓе преку мобилизација на сите релевантни општествени чинители. Целта на оваа мобилизација е обезбедување сеопфатна законска рамка, национални и локални програми и стабилни финансиски средства за нејзина имплементација, со целосно почитување на интегритетот и на човековите права на припадниците на ранливите категории и на жртвите на трговијата со луѓе.

**Отворена Порта продолжи активно да учествува во Европската Ла Страда Интернационална НВО Платформа против трговија со луѓе, која работи од перспектива на човекови права за поддршка на тргуваните лица.**

На 16-ти и 17-ти септември, Ла Страда интернационална го организираше својот годишен состанок на платформата во Амстердам, Холандија. Шеснаесет членови и двајца придружни членови се приклучија на состанокот во живо, додека други учествуваа онлајн. Заедно тие разговараа за новиот стратешки план на Ла Страда Интернационална, областите за фокусирање и акциониот план за 2022 година, како и стратегијата за длабинска анализа на Ла Страда Интернационална.

Исто така, се разговараше за европското застапување и развојот на теренот, вклучително и тековната евалуација на директивата на ЕУ за трговија со луѓе и предлогот за Рамковна директива на ЕУ за насилство врз жените. Понатаму беа организирани посебни работилници за да се дискутира за заедничко собирање податоци, теренска работа и соработка на НВО за упатување на жртвите на трговија со луѓе; ангажирање на гласот на тргуваните лица; стратешки судски спор и интервенција на трета страна, како и „основа за разумна основа“ .

**Отворена Порта продолжи да биде дел од мрежата Clean Clothes Campaign** која во текот на 2021 година  направи уште еден чекор во континуираната борба за подобрување на условите за работа и зајакнување на работниците во глобалната индустрија за облека и спортска облека со воведување на Europe Floor Wage: прекуграничен основен репер на плата доволна за живот во Централна, Источна и Југоисточна Европа. Clean Clothes Campaign го разви концептот на Europe Floor Wage, прекуграничен репер за основна плата доволна за живот, кој се заснова на трошоците за живот во 15 европски земји за производство на облека, вклучувајќи 7 земји-членки на ЕУ. Методологијата за реперот е развиена преку 6-годишно темелно истражување. За време на развојот, различни експерти беа консултирани во и надвор од мрежата на Clean Clothes Campaign, меѓу другите и Asia Floor Wage Alliance. Europe Floor Wage е конкретна алатка која цели да им се покаже на брендовите и владите со каква плата треба да се живее, а може и да се искористи од синдикатите и невладините организации за да се зајакне нивната моќ за преговарање.



## ОБУКА НА ПЕРСОНАЛОТ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ ВО КАНАДА

Тимот и волонтерите на Отворена Порта учествуваа на обуката на персоналот за градење капацитети во Канада координирана од TOES Niagara во соработка со Brock Univetsity

25 учесници, членови на тимови од Малта, Канада, Северна Македонија, Романија и Бугарија се собраа на Универзитетот Брок во Торонто, Канада од 24-ти до 4-ти декември за да изградат капацитети и вештини, да разговараат за начините и да разменат мислења и идеи за тоа како најдобро да се спречи трговијата со луѓе кај младите, истовремено охрабрувајќи го вмрежувањето меѓу земјите-учеснички во обид да се споделат најдобрите практики.




Оваа обука беше наменета за:

- Подобрување на знаењето на младинските работници кога се справуваат со жртви на трговија со луѓе
- Зајакнување на младинските работници со нови алатки (прирачник) и методи за подобрување на младинската работа во борбата против трговијата со луѓе;
- Зголемување на ефикасноста на младинските услуги од страна на младинските организации за жртвите на трговија со луѓе преку размена на најдобри практики; и
- Подобрување на квалитетот и препознатливоста на младинската работа, преку неформално учење.

Активноста е во рамките на проектот финансиран од ЕУ наречен „Опремување за спречување на трговија со млади“ Проектот вклучува компаративни податоци и најдобри практики од секоја земја партнер за младинските работници за решавање на проблемот со трговијата со луѓе.

Партнерите се Cross Culture International Foundation CCIF Malta, Универзитетот за менаџмент во Варна (VUM), TOES Niagara: Tools for Empowerment for Success, Imago Mundi и OpenGate/La Strada.

---

## РАБОТНА СРЕДБА И ОБУКА YU WOK 2 END HT

Од 08 до 12, ноември 2021, во Скопје Отворена порта беше домаќин и спроведе обука на нашите партнери од Малта & Италија со кои соработуваме на проектот YU WOK 2 END HT.
Обуката имаше за цел да се пренесе знаењето и експертиза на Отворена порта преку презентации, заедничка работа, теренски посети и размена на искуства. Учесниците активно комуницираа , прашуваа и дискутираа за тоа како се прават одредени процеси поврзани со трговијата во сите наши земји, младинската работа и како тоа влијае врз борбата против трговијата и многу други теми. Оваа активност е во рамките на проектот кој Отворена порта во соработка со 4 интернационални партнери го спроведува од 2020 година, а кој е насочен кон зајакнување на вештините на младинските работници за поефикасно спречување на трговијата со луѓе.



## СОРАБОТКА СО МИСИЈАТА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ И ПОДГОТОВКА НА ПРИРАЧНИК, ОБУКА И МАТЕРИЈАЛИ

**Мисијата на ОБСЕ во Скопје** реализираше „Обука за постапување со жртви на трговија со луѓе“[1] која беше организирана он-лајн, во декември 2021г. Заради подобрување на идентификацијата, заштитата, рехабилитацијата и реинтеграцијата на жртвите на трговија со луѓе и соработка меѓу институции и организации. Исто така се подготви и **„Наставна програма за постапување со жртви на трговија со луѓе“**, дизајнирана да им помогне на стручните лица да го зголемат своето знаење за трговијата со луѓе, во однос на идентификација, заштита и професионален пристап кон жртвите на трговија со луѓе. **Две брошури** со информации за правата на жртвите од трговија со луѓе наменета за жртви сместени во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе, а втората за жртви сместени во Прифатниот центар за странци.[2] **Членови на Отворена порта во улога на експерти** дадоа придонес во спроведување на овие активности преку соработка и партнерство со **Мисијата на ОБСЕ во Скопје**.




1 Над 30 обучени лица, 20 жени, 10 мажи (социјални работници и психолози од ЈУМЦСР-а, социјални работници од Центарот за заштита на жртви на трговија со луѓе, полициски службеници од Граничната полиција и полициски станици од сите региони и здруженија на граѓани.)

2 Брошурите се подготвени на македонски јазик и преведени на албански, арапски, фарси и пашто / тираж: 500 (100 копии од секој јазик) материјалите се дизајнирани и во фаза на финално одобрување пред печатење по што ќе бидат дистрибуирани.



# ПРОГРАМА ЗА ЕДУКАЦИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА И ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

2021

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ | 2021

## ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИ И ПРОФЕСИОНАЛЦИ ЗА СООДВЕТЕН ОДГОВОР ЗА ПРОБЛЕМОТ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Отворена Порта во континуитет обезбедува едукација за млади преку посета на училиштата, одржување превентивни работилници, дистрибуција на превентивно едукативен материјал.

Во текот на оваа година Отворена Порта спроведе **9 едукативни онлајн работилници** на кои учествуваа **112 млади од средните училишта**. Целта на работилниците беше младите да се запознаат со проблемот на трговија со луѓе, да се информираат како можат да се заштитат и каде можат да се обратат за помош.

Отворена Порта **оствари соработка со академијата за дигитален маркетинг Brainster** и спроведе обука за студентите на тема насилство и трговија со луѓе. По спроведувањето на обуката една од задачите на студентите беше да изработат целосна дигитална маркетинг стратегија за Отворена Порта – Ла Страда. Од страна на студентите беа понудени голем број на креативни решенија. Како победничко решение беше избрано решението на Ана Вукашиновиќ Атанасовски, Ана Георгиевска и Тања Чатлеска.

*Менувањето на перцепцијата на јавноста за ваква специфична тема е многу тежок залак. Отворена Порта веќе 20 години активно работи на темата превенција на трговија со луѓе и мило ни е да кажеме дека и студентите на Brainster ни помогнаа и станаа дел од оваа кауза. Оваа соработка не само што на нас како организација ни помогна да ги промовираме нашите активности и да едуцираме повеќе луѓе на темата, туку и веруваме дека ќе даде значителен придонес во покренување на свесноста за оваа тема во целата заедница.*

Отворена порта ја одржа првата работилница во рамките на проектот **Градење отпорни и инклузивни заедници БРИК, на тема „Трговија со луѓе и насилство“**, со средношколци и студенти кои имаа можност да научат за проблемот со трговијата со луѓе и други форми на насилство преку гледање филм, презентација и стимулативни игри. Акцентот на работилницата беше ставен на развивање на социо-емоционалните вештини и вештините на однесување кај учениците во однос на поттикнување на почитување на различностите и намалување на стигматизацијата.

Работилницата им овозможи на **25 млади да го зајакнат своето критичко размислување** и да научат како да се заштитат себеси и своите најблиски од проблемот на трговија со луѓе и другите видови на насилство.

На 06 и 07 октомври 2021 година Отворена Порта одржа две еднодневни обуки насловени “Ефективна асистенција и упатување на СОС јавувачи”. **21 учесници професионалци (педагози, психолози, социјални работници)** го зголемија своето знаење и капацитети за советување во случај на трговија со луѓе, насилство врз деца и исто така потребно пренасочување на клиенти за најпотребните услуги.

Во текот на 2021 година Отворена Порта подготви и дистрибуираше повеќе 1000 информативни материјали: постери, тетратки, итн. кои што беа дистрибуирани помеѓу целните групи, поставени на видни локации по градовите и по институциите.

## ВОЛОНТЕРИТЕ НА ОТВОРЕНА ПОРТА ВО АКЦИЈА НА OHRID CALLING

3-те фестивалски денови нашите волонтери ги поминаа едуцирајќи ги присутните на еден од најпопуларните фестивали летово.



Јакнење на капацитетите на професионалците (НВО-а, социјални работници, полицајци, професори итн.) е исто така дел од превентивната програма на Отворена Порта. Подигањето на свеста на професионалците за проблемот на трговија со луѓе НВО Отворена Порта го реализира преку организирање на различни работилници, одржување лекции и семинари со цел зајакнување на идентификацијата, упатувањето и пружање на првична помош и поддршка.

Отворена Порта со низа на активности ги одбележа деновите кои се посветени на борбата против трговијата со луѓе, со цел будење на свеста на граѓаните но и на професионалците за приоритетите кој треба да бидат земени во предвид во борбата против трговија со луѓе.

### 30ти Јули- Светски ден за борба против трговија со луѓе

Отворена порта го одбележа Светскиот ден преку промовирање на правата и потребите на тргуваните лица со пораката ,,Слушни го гласот на тргуваните лица'' и изјава на социјалните медиуми. Дополнително во соработка со Види Вака се подготви и објави видео на тема трговија со луѓе. https://www.facebook.com/vidi-




### *18ти Октомври - Европскиот ден за борба против трговија со луѓе*

Отворена Порта го одбележа 18ти Октомври Европскиот ден против трговија со луѓе испраќање ИЗЈАВА до сите релевантни институции и лица и објавување на истата „За лутина и гнев е многу прекраток животот. Цел мој живот ви го посветувам“ – напишана од наша штитеничка и дадени препораки како можеме да им помогнеме и што треба да направиме за подобрување на нивните права. https://lastrada.org.mk/evropski-den-za-borba-protiv-trgovi-a-so-lu-e-i-shto-nie-mozheme-da-napravime/

По повод Европскиот ден за борба против трговија со луѓе, Марија Тодоровска од Отворена порта заедно со Заменик националната координаторка г-ѓа Светлана Влаховиќ Димановска гостуваа на утринска емисија на Телма ТВ, каде гласно зборуваат за состојбата за трговија со луѓе во Република Северна Македонија по повод Европскиот ден за борба против трговија со луѓе и 20 години работа на Националната комисија.


**Европски ден за борба против трговија со луѓе и што ние можеме да направиме**

***„За лутина и гнев е многу прекраток животот. Цел мој живот ви го посветувам“* – Сара, 15 год.**

*Овој цртеж го претставува мојот топол дом, мојата причина за да продолжам со животот. Секое утро станувам и сум благодарна што имам топол кревет, храна и покрив над глава, што не морам да спијам по улици талкајќи на ладно и на топло, барајќи некое скриено катче во некоја уличка каде што ќе можам да поминам уште еден ден надвор… сама. Цветовите го претставуваат мојот раст. Како што цвеќето му е потребна вода за да расте, така и јас тука научив дека топлата прегратка, милните зборови знаат да го наполнат моето срце со топлина и љубов. Затоа често на вработените им велам дека јас сум нивното цвеќе што тие го чуваат и негуваат. Птиците кои што ги гледам секој ден низ прозорецот од мојот дом ме потсетуваат на луѓето кои си заминале од мојот живот и кои што со нивното заминување ме потсетуваат дека треба да ги заборавам лошите луѓе и лошите спомени од моето минато. Тука ме научија дека можам се да постигнам ако сум вредна и учам. Често знам додека заспивам да фантазирам за мојата куќа во која што ќе живеам, ќе имам свое семејство, љубов и среќни моменти а тоа ќе го постигнам бидејќи има луѓе кои што ме сакаат, веруваат во мене и ми даваат сила да верувам дека ќе ја имам оваа розева куќичка.*

### *Недела за борба против трговија со луѓе*

Неделата за борба против трговија со луѓе беше одбележана со спроведување на серија на превентивни лекции со ученици од основни и средни училишта на тема превенција и заштита од трговија со луѓе.

## СОС ЛИНИЈАТА 080011111 ЗА ПОМОШ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Отворена Порта Ла Страда од 2002 година ја води првата национална СОС линија во Македонија која е специјализирана за проблемот со трговија со луѓе односно за превентивна поддршка и асистенција и поддршка на луѓе кои преживеале трговија со луѓе. Врз основа на услугите кои ги нуди СОС линијата преставува спој меѓу два значајни сегменти во борбата против трговијата со луѓе-превенцијата и директната поддршка на жртвите од трговија со луѓе. Услугите на SOS линијата се достапни на два телефонски броја еден фиксен број 2777-070 и 0800 11111 кој е бесплатен за сите јавувачи од Република Македонија.

Во текот на 2021 година, бесплатната СОС линијата за помош од трговија со луѓе, продолжи да работи 24/7 секој ден со пет СОС оператори. Во текот на 2021 година, СОС линијата на Отворена порта прими вкупно 403 јавувања. 3 лица се упатени до МВР (Националната единица за сузбивање криумчарење мигранти и трговија со луѓе) од страна на Отворена порта кои побараа помош преку СОС линијата за помош и поддршка. Сите повици се поделени во 3 категории: превентивно едукативни повици, повици директно поврзани со трговија со луѓе и други. Во последните неколку години контактите остварени преку пораки од социјалните медиуми имаат значително зголемување од првите години од отворањето на линијата. Особено младите се почесто услугите на СОС линијата ги користат преку директен контакт со нашите социјалните медиуми.




Операторите на линијата за помош од трговија со луѓе, обезбедија општи информации за феноменот на трговија со луѓе, безбедносни совети за работа во странство, кризна интервенција, емоционална и психолошка помош, правно советување за (потенцијалните) жртви и нивните родители, роднини итн. Поради корона вирусот и зголемениот број на заболени и починати во Северна Македонија, на СОС линијата имавме голем број повици со барање психолошка поддршка и совет. Интервенцијата на СОС линијата за помош се состоеше во нудење првична емоционална поддршка и воспоставување контакти со другите СОС линии и невладините организации кои се занимаваат со овие проблеми.

# КАМПАЊИ

Регионалната кампања за застапување #socialservicesforall „Социјални услуги за сите”- фокусирана на промовирање на потребите на корисниците на социјалните услуги и сеопфатни политики, со цел да влијаеме, со наш капацитет, врз политиките поврзани со миграцијата кон земјите од Западен Балкан. Со самата кампања ја потенциравме важноста на социјалните услуги што ги обезбедуваат граѓанските организации во земјите од регионот и нивното влијание врз корисниците кои доаѓаат од најранливите категории. Регионалната кампања за застапување на Мрежата ИРИС, „Социјални услуги за сите”, беше фокусирана на промовирање на потребите на корисниците на социјалните услуги со цел да влијаеме, со наш капацитет, врз политиките поврзани со миграцијата кон земјите од Западен Балкан.

Со самата кампања, сакавме да ја истакнеме важноста на социјалните услуги што ги даваат граѓанските организации во земјите од регионот и нивното влијание врз корисниците што доаѓаат од најранливите категории.

Бидејќи целта на Мрежата ИРИС е да ја зајакне улогата на ГО - даватели на социјални услуги во Југоисточна Европа и да обезбеди овие организации да бидат признати како рамноправни партнери од јавниот сектор, севкупната цел на кампањата за застапување на Мрежата ИРИС беше да ја зголемат јавната свест и чувствителност кон предизвиците со кои се соочуваат ранливите групи, вклучително и мигрантското население, како и промовирање на добри практики во справувањето со овие предизвици, каде што социјалните услуги ќе бидат достапни за сите на кои им се потребни. https://lastrada.org.mk/wpcontent/uploads/2021/10/MK.pdf




Кампањите исто така беа составен дел од агендата на Отворена Порта, кампањи преку кои се делуваше на превенцијата од трговија со луѓе, трудовата експлоатација, обезбедување на социјални услуги.

Кампања Балкан делувај сега! - “Balkans ACT (Against Crime of Trafficking) Now”, која содржи постери, мобилна апликација и други медиумски алатки преку кои се делува на превенција од трговија со луѓе. Постерите беа поделени во средните образовни институции а мобилната апликација беше презентирана преку организирани превентивни лекции. Една од главните активности на проектот е апликацијата преку која сите, на анимиран и интерактивен начин можете да се информирате за различните форми и можни ситуации на трговија со луѓе. Повеќе за апликацијата на http://banhumantrafficking.com/mk/

НЕ СЕ ЗАЛЕТУВАЈ! кампања која е насочена кон информирање и подигнување на свеста на јавноста за ризиците од трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, која започна во 2020 година но продолжи да биде активна и во 2021 преку нашите социјални медиуми. Кампањата беше спроведена како дел од проектот „Превенција од трговија со луѓе со цел трудова експлоатација – „Можност или експлоатација” објавува повик за спроведување на медиумска кампања. Реализацијата на проектот е овозможена од Европската унија и Советот на Европа за Западен Балкан и Турција – “Хоризонтални инструменти за Западен Балкан и Турција (Horizontal Facilities II) 2019-2022 година. Една од целите на медиумската кампања беше информирање и подигање на јавната свест кај младите за нивната изложеност кон лажни вести на интернет со посебен акцент на огласи за работа и сезонска работа во земјата и во странство. [W://lastrada.org.mk/kampanji/mozhnost-ili-eksploata-ci-a/](W://lastrada.org.mk/kampanji/mozhnost-ili-eksploata-ci-a/)








# ПРОГРАМАТА ЗА ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ | 2021

2021

## ЦЕНТАР ЗА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Во 2021 година, Отворена Порта продолжи да обезбедува стручна помош и организирање на ефикасно функционирање на Центарот за жртви на трговија со луѓе . Работата на стручниот тим е организирана во **24 часовни смени**. Во текот на годината стручниот тим на ОП обезбеди помош и поддршка за вкупно **56 лица**, од кои **49 се ново идентификувани жртви**.

Во Центарот за жртви беа сместени **7** лица, од кои **4 нови** (1 жртва на трговија со луѓе и 3 потенцијални , женски пол, 2 деца, 2 возрасни, 2 потенцијални жртви се странски државјанки, а останатите се со македонско државјанство, три се сексуално експлоатирани, а една е принуден брак) и **3 жртви**(девојчиња) од претходни години. Исто така на **39 лица**, странски жртви сместени во Прифатниот Центар за Странци им се обезбеди преведувач и информација за организации за помош во земјата на потекло.

Обезбеден е стандарден пакет на услуги за задоволување на основните потреби (сместување, храна, хигиенски пакети) за сите лица вклучени во Програмата за психосоцијална поддршка. Основен пакет од медицинска помош е обезбеден за **7 лица** вклучувајќи ги и жртвите сместени во Центарот како користење на услуги од специјалисти од различни области (психијатри, дерматолози, стоматолози, интернисти, лабораториски испитувања, гинеколошки, тестирање за Ковид 19). На **2 од** штитеничките сместени во Центарот им беше обезбедена континуирана медикаментозна терапија препишана од лекари специјалисти од психијатриската клиника. На 3 сместени во Центарот кои беа позитивни на Ковид 19 им беше обезбедена стручна медицинска помош во текот на изолацијата, како и обезбедена витаминска и друга потребна терапија препишана од матични лекари.

За едно (1) лице обезбедено психијатриска проценка за здравствена психофизичка состојба(вештачење) од страна на специјалист психијатар.

Специјализирано психо-социјално советување е обезбедено на 17 лица вклучени во програмата. Во Центарот редовно се спроведува програмата за психо-социјална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе кои се сместени во Центарот за нивна стабилизација, надминување на траумите, полесно и поуспешно да се вклучат во тековните процеси на општественото живеење. Во соработка со Центарот за социјална работа се работи на нивна стабилизација и ресоцијализација, реинтеграција и професионални активности кои се применуваат според изготвените индивидуални планови и нивно спроведување, целите и постигнатите тековни резултати. Дел од активностите кои што се преземаат се однесуваат на зајакнување на личните потенцијали на жртвите преку советување и поддршка, обезбедување на алтернативно образование, окупациски и креативни работилници за подобрување на интелектуалните капацитети и психофизичкото здравје на штитениците. Во секојдневните активности е вклучено психосоцијалното советување кое се дава преку индивидуални и групни сесии со користење на техники и интервенции од различни правци на психосоцијалната теорија.

На **5 лица** им беше овозможено вклучување во образование од кои четири штитенички кои се сместени во Центарот се вклучија во образовен процес, од кои **2 од нив** повторно запишани во основно образование, **1 вклучена** во средно стручно образование и **1 штитеничка** за прв пат вклучена во образовен процес во училиштето за возрасни. Во текот на годината наставата ја следеа онлајн за што беа навремено технички опремени( компјутери, камери, слушалки). Една корисничка на Програмата за придружна социјална работа повторно се вклучи во образовниот процес во средно училиште.

На **4 штитеници** им беа овозможени три дена за нега и релаксација како дел од успешна реализација и вклучување во активностите предвидени за нивна интеграција. Во континуитет се реализираа средби и контакти со ЦСР и назначените старатели, една штитеничка беше на еднонеделна посета на својот дом за време на празници, една имаше средба со своите помали браќа и сестра кои се сместени во згрижувачко семејство.

Дополнително им се обезбеди помош во прехранбени и хигиенски средства на **5 семејства** на жртви на трговија со луѓе односно на 30 лица.

### Правна помош на жртвите

Неделата за борба против трговија со луѓе беше одбележана со спроведување на серија на превентивни лекции со ученици од основни и средни училишта на тема превенција и заштита од трговија со луѓе.

### Побарувања за надомест на штета

На една жртва од претходни години по неколку поднесени претставки, во август 2021 и беше исплатен надомест на штета во износ од **400.000,00 денари** од програмата на Министерството за правда.

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА И УПАТУВАЊЕ

Во текот на 2021 година, Отворена порта продолжи да учествува со свои претставници во Мобилниот тим за идентификација на ранливи групи, вклучително и жртви на трговија со луѓе формирани во 2018 година. Отворена Порта има свои претставници во Мобилниот тим во Скопје.

Од страна на Мобилните тимови асистирани се 260 корисници (88 мажи и 171 жена) кои беа првично контактирани и информирани во референтниот период. Од вкупната бројка, 245 се домашни државјани/ки и 15 странски државјани/ки. Воедно идентификувани се и 67 потенцијални жртви од ранливи категории (12 мажи и 55 жени) од кои 65 домашни државјани/ки и 2 странски државјани и 186 ранливи категории (74 мажи и 112 жени), 175 беа домашни државјани/ки и 11 странски државјанин, без тековен ризик од трговија со луѓе. Од вкупниот број на контактирани лица 7 лица се упатени до службите за нивна формална идентификација (3 мажи и 4 жени), 5 домашни државјани/ки и 2 странски државјани/ки, од кои официјално идентификувани се 3 жртви и 2 потенцијали жртви а со 2 лица сеуште се работи на идентификација

# ПРОГРАМА ЗА ПРИДРУЖНА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ЗА СОЦИЈАЛНО РИЗИЧНИ КАТЕГОРИИ

Во текот на 2021 година Отворена Порта продолжи да ја спроведува Програмата за придружна социјална работа наменета за лица под висок ризик од трговија со луѓе и тргувани лица кои не се сместени во прифатилиштето, а на кои покрај услугите од програмата за директна помош и поддршка дополнително им се обезбедува:

- Индивидуално и семејно соверување;
- Олеснување на пристапо до соодветни услуги на локално ниво; и
- Долгорочна емовионална поддршка.

Преку програмата за оваа година се обезбеди стручна помош за 10 лица вклучени во Програмата за придружна социјална работа преку активности за нивна реинтеграција во општеството. Дополнително, им се обезбеди помош во прехранбени и хигиенски средства на 5 семејства на жртви на трговија со луѓе, односно на 30 лица.

# ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ, МИГРАНТИ, БЕГАЛЦИ, РАСЕЛЕНИ ЛИЦА

Отворена Порта во текот на 2021 година започна да ја спроведува програма наменета за Авганистанските деца и нивните семејства кои беа сместени во хотел Њу Стар во Скопје, подржана од Националната демократска институција НДИ.

Програмата е насочена кон обезбедување на специјализирани услуги за авганистанските деца и зголемување на капацитетите на просторот за деца што работи во просториите на ХОТЕЛ „Њу Стар“, со цел да се одговори на потребите на децата. Програмата има за цел:

1. да им се обезбеди на децата и на семејствата психосоцијална и емоционална поддршка преку едукативен и креативен пристап;
2. да се овозможи безбедно место за играње и материјали за учење за деца и адолесценти;
3. идентификација, проценка и упатување на децата на кои им требаат специјализирани услуги за заштита.

Тимовите на Отворена Порта спроведуваа активности за ран детски развој, рекреативна и емоционална поддршка на децата, насоки и информации на соодветни јазици на родителите за добросостојбата, безбедноста на децата и работеа на спроведување на активности во просторот наменет за деца “пријателски за деца“. Тимовите ги таргетираа и родителите, со цел да ги зајакнат семејните врски, да разговараат за идентификуваните проблеми и да го окупираат своето време и да обезбедат едукативни активности. Се спроведуваше и програма првенствено фокусирана на зајакнување на жените и подобрување на нивната благосостојба/ како и работилници за ментално здравје и психо-социјална поддршка, Пилатес часови и други спортски активности.

Со оваа програма беа опфатени **76** деца **и** нивните семејства.






# ПУБЛИКАЦИИ

Оторена Порта-Ла Страда“ спроведе:




1

Регионално истражување - Проценка на комерцијалната сексуална експлоатација на деца и одговорите за заштитата на децата во западен Балкан **„Искористени пред нашите очи.“** Изработено од Глобална иницијатива против транснационалниот организиран криминал во соработка со „Отворена Порта.“

2

**,,Мониторинг и проценка на законите и политиките за борба против трговијата со луѓе и нивно спроведување во РСМ во 2019“.** *Извештајот е изготвен во рамките на проектот „Балкан делувај сега! (БДС)“ (Balkans ACT Now!) април, 2021г. Тој е создаден врз основа на мониторинг на судските случаи на трговија со луѓе во различни фази од кривичната судска постапка а врз основа и од аспект на различни индикатори кои се веќе содржани во мониторинг рамката. Извештајот се подготви во соработка со Основниот суд Скопје, Одделение за организиран криминал и корупција, ОЈО на ГОКК, НЕСКМТЛ, МТСП и Комисијата.*

3

*Прирачник „Младинските работници клучни во борбата против трговијата со луѓе,“ има за цел да го пренесе и зајакне знаењето и разбирањето на младинските работници во повеќе земји и да ги оспособи практично да играат клучна улога во спречување на трговијата со луѓе, вклучително млади и мигранти.*

4

*Регионалната проценка ГАП за моменталната состојба во обезбедувањето услуги за мигрантите и идната пожелна ситуација е развиена со цел да се идентификуваат несовпаѓања помеѓу сегашната ситуација во обезбедување услуги на мигрантите и посакуваната идна ситуација во Албанија, Босна и Херцеговина, РСМ, Црна Гора и Србија. Подготвена преку десктоп истражување, интервјуа со релевантни засегнати страни, анализа на собрани податоци и идентификација на тековните празнини. Со таков холистичкWи пристап, ги идентификува празнините во однос на постојните услуги, потребите на корисниците, квалитетот и стандардизацијата на услугите, распределбата на средства за услуги и, обезбедените решенија и дефинирани задачи кои треба да се завршат, за да се затвори оваа празнина.*

# ДА СЕ РАБОТИ ЗА ОТВОРЕНА ПОРТА

**Секоја обезбедена поддршка и помош на јавувачите на СОС линијата ме прави да се чувствувам исполнето и среќно!**

Поминаа 20 години од првиот ден кога прифатив да бидат дел од една возбудлива приказна која има за цел да се спротивстави на неправдата нанесена на жртвите на трговија со луѓе. Долгогодишното работење како координатор на СОС линија за помош од трговија со луѓе, беше исткаена со голем број на предизвици и можности за лично напредување како и помош и поддршка на голем број јавувачи.

Минувајќи низ повеќе добри и лоши периоди, телефонот континуирано продолжи да функционира и обезбеди помош и поддршка на повеќе од **6 илјади граѓани.** Имаше жртви, загрижени граѓани, професионалци, како и луѓе кои едноставно бараа информации за да донесат одлука во врска со вработување, патување итн.

Низ приказната на СОС линијата се проткаеа голем број на млади ентузијасти волонтери-оператори кои несебично се вложуваа и емпатично нудеа помош на јавувачите. Благодарение на нивната посветеност, сочувство и енергија, тие направија разлика кај илјадници деца и семејства, давајќи им можност за многу посветла и поправедна иднина.

Трговијата со луѓе е трауматско искуство. Проблемите и емоциите од јавувачите се предизвик за волонтерите кои оперираат на линијата, но помошта што ја даваат е неверојатно пријатна.

За многу оператори, одговорот на првиот телефонски повик е најтежок, но искуството и обуката, им помагаат брзо да продолжат.

Колку и да се биде подготвени за првиот повик, секогаш во себе имате страв и неизвесност. Со оглед на тоа што им помагаме на голем број на луѓе, секој повик е целосно различен. Никогаш не можете да предвидите каков повик ќе добиете, како ќе се одвива или колку долго ќе трае. Но поддршката од тимот и достапните ресурси овозможуваат да се обезбеди потребната поддршка без оглед на тежината на повикот.

На крајот, мора да бидеме одговорни пред сите повикувачи кои што се јавуваат. Најважно е да дадеме сè од себе за да му помогнеме на секој што ќе се јави и тоа е она што можеме да го сториме.

Колку и да изгледа тешко да работите на СОС линија, со текот на времето ќе сфатите дека секоја помош што ќе ја дадете на јавувачите ве прави да се чувствувате исполнети и среќни, затоа што сте имале можност да помогнете некому. Особено ве прави среќен кога ќе добиете позитивен повратен одговор од јавувачите дека сте успеале да решите дел од нивниот проблем или цел проблем.

Долгогодишни партнерства со споделени вредности и визија е предуслов за генерирање одржливи решенија. Затоа во изминатите години изградивме мрежи и воспоставивме соработка со многу граѓански организации, СОС-линии за помош и поддршка и институции во Македонија и во странство.

СОС линијата 0800 11111 е достапна 24/7 и нуди информирање, превенција и интервенција во случај на трговија со луѓе.

Секојдневните примери од СОС јавувањата го будат гневот по кој доаѓа солидарноста и незапирливата желба да се дејствува. Затоа мојот избор е да бидам во служба на оваа предизвикувачка и одговорна работа како што е координирањето на СОС линијата.

**Билјана Јовановска -** Координатор на СОС линија за помош од трговија со луѓе

# ГОДИШЕН БУЏЕТ

## Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе

## ОТВОРЕНА ПОРТА Скопје

*Ул.Сава Ковачевиќ 1А Скопје*

*ЕДБ 4030000400310*

***ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД*** ***01.01.2021-31.12.2021***

| **БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ** | | |
|---|---|---|
| ***Приходи*** | | |
| 1 | *Приходи од камати и позитивни курсни разлики* | ***9.597,00 ден.*** |
| 2 | *Приходи од Грант проекти* | ***13.267.093,00 ден.*** |
| 3 | *Приходи од сопствена дејност* | ***12.299,00 ден.*** |
| 4 | *Останати приходи* | ***59,00 ден.*** |
| 5 | *Пренесен вишок од минатата година* | ***15.411.319,00 ден.*** |
| ***Вкупни приходи:*** | | ***28.700.367,00 ден.*** |

| ***Трошоци*** | | |
|---|---|---|
| 1 | *Трошоци за банкарска провизија* | ***81.327,00 ден.*** |
| 2 | *Трошоци за негативна курсна разлика* | ***21.319,00 ден.*** |
| 3 | *Канцелариски набавки* | ***33.385,00 ден.*** |
| 4 | *Трошоци за струја, вода, обезбедување и сл.* | ***167.564,00 ден.*** |
| 5 | *Трошоци за комуникација (Птт, интернет, пошта , Зоом . ФБи сл,)* | ***338.991,00 ден.*** |
| 6 | *Трошоци за наем на простор, сали и опрема* | ***342.403,00 ден.*** |
| 7 | *Материјални трошоци за жртви од трговија со луѓе* | ***346.392,00 ден.*** |
| 8 | *Трошоци за одржување* | ***390.135,00 ден.*** |
| 9 | *Трошоци за возило* | ***184.645,00 ден.*** |
| 10 | *Услуги по договор за дело* | ***5.587.610,00 ден.*** |
| 11 | *Трошоци за мониторинг извештај* | ***124.107,00 ден.*** |
| 12 | *Ревизорски услуги* | ***491.500,00 ден.*** |
| 13 | *Трошоци за бруто плати* | ***6.833.925,00 ден.*** |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | *Трошоци за објави, огласување и промоции* | ***215.297,00 ден.*** |
| 15 | *Трошоци за угостителски и хотелски услуги за проектни активности* | ***261.284,00 ден.*** |
| 16 | *Патни трошоци за реализација на проектни активности* | ***441.251,00 ден.*** |
| 17 | *Пренесени средства на други субјекти согласно програмски активности на проектите* | ***1.153.400,00 ден.*** |
| 18 | *Трошоци за котизации, членарини* | ***7.169,00 ден.*** |
| 19 | *Материјали за реализација на работилници* | ***190.350,00 ден.*** |
| 20 | *Трошоци за останати услуги* | ***14.150,00 ден.*** |
| 21 | *Останати расходи (такси за ЦРМ и сл.)* | ***25.855,00 ден.*** |
| ***Вкупни трошоци:*** | | ***17.252.059,00 ден.*** |

| | |
|---|---|
| ***Наменски средства за 2022 година*** | ***11.448.308,00 ден.*** |

## ***БИЛАНС НА СОСТОЈБА***

| ***Средства*** | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | *Нетековни средства* | | ***4.261.293,00 ден.*** |
| 2 | *Исправка на нетековни средства* | - | ***3.692.836,00 ден.*** |
| 3 | *Денарска сметка* | | ***7.272.854,00 ден.*** |
| 4 | *Девизна сметка* | | ***2.591.166,00 ден.*** |
| 5 | *Побарување за даноци* | | ***28.631,00 ден.*** |
| 6 | *Благајнички запис* | | ***1.555.950,00 ден.*** |
| ***Вкупни средства:*** | | | ***12.017.058,00 ден.*** |

| ***ОБВРСКИ*** | | |
|---|---|---|
| **1** | ***Обврски за даноци*** | ***293,00 ден.*** |
| **2** | ***Наменски средства за 2022 година*** | ***11.448.308,00 ден.*** |
| **3** | ***Деловен фонд*** | ***568.457,00 ден.*** |
| **Вкупно обврски:** | | ***12.017.058,00 ден.*** |

Скопје, 28.02.2022